Службен Весник на Република Македонија број 81 од 26-ти септември 2005 година

# ЗАКОН

## за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 8.800.000 ЕВРА по Договор за заем, наменет за реализација на Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем по Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување, кој ќе се склучи помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од 5 години и каматна стапка од ЛИБОР +0.75% годишно.

Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни ануитети од кои почнувајќи од 15-ти октомври 2010 година до 15-ти октомври 2021 година ќе се отплаќаат 23 еднакви полугодишни ануитети во износ од 365.000 ЕВРА и на 15-април 2022 година ќе се отплати последниот ануитет во износ од 405.000 ЕВРА.

Во грејс периодот од 5 години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само каматата на заемот.

Член 4

На или веднаш по датумот на влегување во сила на Договорот за заем од член 2, став 1 од овој закон, се плаќа еднократна провизија-трошок во износ од 1% од износот на заемот. Износот на еднократната провизија може да биде и помала од 1% врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија во висина од 0,75% годишно пропишана од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Провизијата од став 2 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15-ти октомври и на 15-ти април секоја година.

Deleted: I

Член 5

За реализација на Договорот за заем по Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување е надлежно Министерството за економија.

Deleted: Корисник

Корисници на заемот по Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување од став 1 од овој член покрај Министерството за економија се Централниот регистар и Народната банка на Република Македонија.

Deleted: м

Министерството за економија ќе склучи договори за користење на дел од средствата од заемот со Централниот регистар и Народната банка на Република Македонија.

По склучувањето на договорите за користење на средствата од заемот од став 3 на овој член, крајни корисници на средствата стануваат Централниот регистар и Народната банка на Република Македонија.

Корисниците на средствата од заемот од став 2 и 4 од овој член треба да го предвидат планираното користење на средства од заемот во своите годишни буџети за целокупниот период на имплементација на проектот.

Член 6

Република Македонија, дел од заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за Министерството за економија.

Отплатата на другиот дел од заемот од член 1 на овој закон ќе ја вршат Централниот регистар и Народната банка на Република Македонија согласно договорите за користење на средствата од заемот од член 5 на овој закон.

Deleted: 7

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".